СУ-03 бр.4/24

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работа на Основен суд Кочани
## за 2023 година

**ВОВЕД**

Основниот суд во Кочани, согласно член 28 и член 31 од Законот за судовите („Сл.весник на РМ„ бр.58/06 од 11.5.2006 год.), спаѓа во групата на судови со проширена надлежност, и со својата надлежност покрај надлежноста што ја покрива како Основен суд-Кочани покрива и дел од надлежноста од територијата на Основните судови Берово, Делчево и Виница, определена според цитираните членови.

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ

Целокупното работење на Основниот суд во Кочани во 2023 година е прикажано во сумарниот преглед од Годишниот табеларен извештај.

**Сумарен преглед на предмети во работа на ниво на суд**

| остаток на нерешени предмети од претходната годината | прилив на нови предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати и нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2 291** | **13 476** | **90** | **3** | **15 854** | **12 854** од кои 12778 редовни и 76 повторно заведени | **3000** од кои 2951 редовни и 49 повторно заведени предмети |

Од сумарниот преглед произлегува дека во почетокот на 2023 год. во Основниот суд во Кочани биле нерешени, односно имало заостаток на нерешени предмети од претходната година, вкупно 2 291 предмети, новопримени се 13 476 предмети, повторно заведени предмети се 90, погрешно заведени биле 4 предмети, со што во текот на годината вкупно во работа биле 15 854 предмети, од кои решени се 12 778 редовни предмети и 76 повторно заведени предмети, или вкупно решени 12 854 предмети, а останале нерешени 2 951 редовни предмети и 49 повторно

заведени предмети, или вкупно нерешени предмети на крајот на годината (сметајќи ги и повторно заведените) 3 000 предмети, од што произлегува дека во 2023 година не е совладан приливот, а заостатокот е зголемен за 709 предмети.

Општиот коментар на сумарниот преглед на податоците за работа со предметите би бил дека Основиот суд Кочани во 2023 год. на ниво на суд не успеал да го совлада приливот на предметите за предмети и заостатокот од претходната година се зголемил за 709 предмети, со што Основен суд Кочани во 2023 година не бил ажурен.

Главна причина за неажурноста на судот е намалениот број на судии во овој суд, па така од предвидените 10 судии по систематизација, фактички судиската функција во 2023 год ја извршуваа вкупно 6 (шест) судии, од кои еден е претседател на судот, односно судот работеше со 4 (четири) судии помалку од предвидените, а од месец септември само со 5 судии, поради заминување на еден судија во пензија.

Поединечниот преглед по области и предмети, а врз основа на сумарниот преглед на движење на предметите е следниот:

***А. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ***

***ВИД НА ПРЕДМЕТ: КРИВИЧНО ПОЛНОЛЕТНИ***

- Во 2023 год. вкупно имало 311 новопримени и 15 повторно заведени **кривично полнолетни** предмети, биле решени 292 редовни и 16 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани по 29,3 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 262 предмети, а на почетокот на годината заостатокот бил 244 нерешени предмети, приливот не е совладан за 18 предмети, може да се заклучи дека судот во оваа област не е ажурен.

- Во 2023 год. вкупно биле примени 3 197 **разни кривични предмети**, решение биле сите 3 197 предмети, или просечно месечно се решавани по 304,5 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. нема нерешени разни кривични предмети, може да се заклучи дека судот во оваа област е ажурен.

- Во 2023 год. вкупно имало 420 новопримени и 3 повторно заведени предмети за **кривичен совет (во претходна постапка) вон главен претрес**, решени биле 410 редовни и 4 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани по 39,4 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 28 предмети, а на почетокот на годината заостатокот бил 19 предмети, приливот не е совлада за 9 предмети, може да се заклучи дека судот во оваа област е релативно ажурен.

- Во 2023 год. вкупно биле примени 23 новопримени **замолници во кривична област**, биле решени 23 предмети, или просечно месечно се решавани по 2,4 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 3 предмети, а на почетокот на годината има нерешени 5 предмети, може да се заклучи дека судот во оваа област е ажурен.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: КРИВИЧНИ МАЛОЛЕТНИ

- Во 2023 год. вкупно биле примени 8 **кривично малолетни предмети**, биле решени 7 предмети, или просечно месечно се решавани по 0,7 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 15 предмети, а на почетокот на 2023 година имало заостаток од 14 предмети, приливот не е совладан за 1 предмет, и може да се заклучи дека судот во оваа област покажал ажурност.

- Во 2023 год. вкупно биле примени 5 **разни кривични предмети за малолетници**, биле решени 5 предмети, или просечно месечно се решавани по 0,5 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. има заостаток од 4 предмети, а на почетокот на година нерешени 4 предмети, може да се заклучи дека во оваа област судот бил ажурен.

- Во 2023 год. вкупно биле примени 6 предмети за **кривичен совет за малолетници**, биле решени 6 предмети, или просечно месечно се решавани по 0,6 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. има останато 1 нерешен предмет и во оваа област судот покажал ажурност.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: ДЕЈСТВИЈА ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА

- Во 2023 год. вкупно биле примени 199 предмети **определени дејствија во претходна постапка-кривично**, биле решени 197, или просечно месечно се решавани 18,8 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. има 3 нерешени предмет и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: ОЦЕНА НА ОБВИНИТЕЛЕН АКТ

- Во 2023 год. вкупно биле примени 52 предмети за **оцена на обвинителен акт во областа кривично полнолетни предмети**, биле решени 34 предмети, или просечно месечно се решавани по 3,3 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 20 предмети, 18 предмети повеќе од заостатокот на претходната година, во оваа област судот не покажал ажурност.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: ПРЕКРШОЦИ

- Во 2023 год. имало 1 115 новопримени и 13 повторно заведени **прекршочни предмети**, биле решени 660 редовни и 12 повторно заведени предмет или просечно месечно се решавани по 64 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 1 459 предмети, приливот не е совладан во однос на минатата година за 466 предмети и во оваа област судот не покажал ажурност.

- Во 2023 год. вкупно биле примени 365 **разни прекршочни предмети**, биле решени сите 365 предмети, или просечно месечно се решавани по 34,8 предмети, и во оваа област судот покажал максимална

ажурност.



**ВИД НА ПРЕДМЕТ: ИЗВРШУВАЊЕ (САНКЦИИ)**

- Во 2023 год. вкупно биле примени 350 предмети од **областа за извршување на кривични санкции**, биле решени 386 предмети, или просечно месечно се решавани 36,8 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 128 предмети, приливот во однос на претходната година е совладан за 36 предмети, и во оваа област судот покажал ажурност.

- Во 2023 год. вкупно биле примени 1 545 редовни предмети од **областа на извршување на прекршочни санкции**, биле решени 1 513 предмети, или просечно месечно се решавани 144,1 предмет. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 263 предмети, а на почетокот на годината имало 148 нерешени предмети, приливот во однос на претходната година не е совладан за 115 премети, и во оваа област судот е релативно ажурен.

***Б. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ***

**ВИД НА ПРЕДМЕТИ: ГРАЃАНСКИ**

- Во 2023 год. имало 170 новопримени предмети и 8 повторно заведени предмети од **спорови од мала вредност,** биле решени 151 редовни и 7 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани 15 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 105 предмети, а на почетокот на годината имало нерешени 85 предмети, приливот не е совладан за 20 предмети во однос на претходната година и во оваа област судот покажал релативна ажурност.

- Во 2023 год. имало 33 новопримени и 1 повторно заведен предмет од **имотни спорови,** биле решени 30 редовни и 1 повторно заведен предмет, или просечно месечно се решавани 2,9 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 29 предмети, приливот не е совладан за 3 предмети во однос на претходната година и во оваа област судот покажал релативна ажурност.

- Во 2023 год. имало 118 новопримени и 1 повторно заведен предмет од **семејни спорови**, биле решени 107 редовни предмети, или просечно месечно се решавани по 10,2 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 48 предмети, 12 предмети повеќе од заостатокот на почетокот на 2023 год., може да се заклучи дека судот во оваа област е релативно ажурен.

- Во 2023 год. имало 331 новопримени предмети и 19 повторно заведени предмети од **работните спорови,** биле решени 215 редовни и 12 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани 21,6 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 294 предмети, а на почетокот на 2023 год. имало заостаток од 171 предмет, произлегува дека приливот не е совладан за 123

предмети, и во оваа област судот не е ажурен.

- Во 2023 год. имало 38 новопримени и 4 повторно заведени предмети од **облигациони спорови,** биле решени 30 редовни и 6 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани 3,4 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 34 предмети, приливот не е совладан во однос на претходната година за 4 предмети и во оваа област судот е релативно ажурен.

- Во 2023 год. имало 12 новопримени и 3 повторно заведени предмети од **трговски спорови,** биле решени 13 редовни и 5 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани по 1,7 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 14 предмети, приливот во однос на претходната година е совладан за 3 предмети, и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2023 год. имало 102 новопримени и 3 повторно заведени предмети од **платни налози по приговор,** биле решени 88 редовни и 5 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани 8,8 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 92 предмети, приливот не е совладан за 12 предмети и во оваа област судот е релативно ажурен.

- Во 2023 год. имало 32 новопримени предмети од **областа на стечај,** биле решени 29 редовни предмети, или просечно месечно се решавани по 2,8 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 7 предмети, приливот не е совладан за 3 предмети во однос на претходната година, и во област судот покажал релативна ажурност во работењето.

-Во 2023 год. има заостаток од 1 предмет од **ликвидација,** истиот е е решен и на крајот на 2023 год. нема нерешени предмети.

- Во 2023 год. имало 1 новопримен предмет од **повторување на постапката во парнично,** биле решени 4 редовни предмети, или просечно месечно се решавани по 0,4 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. има 1 нерешен предмет во оваа област, 3 предмети помалку од заостатокот на почетокот на годината, судот покажал максимална ажурност во работењето.

-Во 2023 год. има 1 новопримен предмет **разни граѓански предмети,** истиот е решен,на крајот на 2023 год. нема заостаток од предмети, и во оваа област судот покажал максимална ажурност во работењето.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ: ВОНПАРНИЧНИ**

- Во 2023 год. имало 10 новопримени и 2 повторно заведени предмети **физичка делба**, биле решени 10 новопримени предмети, или просечно месечно се решавани по 0,9 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 12 предмети, исто како и заостатокот на предмети на почетокот на 2023 год. со што во оваа област судот покажал ажурност во работењето.

- Во 2023 год. вкупно биле примени 290 новопримени и 10

повоторно заведени **вонпарнични предмети**, биле решени 255 редовни предмети, или просечно месечно се решавани по 24,3 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 86 предмети, приливот не е совладан за 45 предмети, и во оваа област судот не покажал ажурност.

- Во 2023 год. имало нерешено 1 замолница од претходната година, биле примени 12 новопримени **замолници,** или вкупно во работа 13 замолници, од кои решени се 11 предмети, или просечно месечно се решавани по 1 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останал нерешен 1 предмет, исто како и заостатокот на почетокот на годината., во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2023 год. вкупно биле примени 2019 новопримени предмети **заверки**, биле решени 2018 предмети, или просечно месечно се решавани по 192,2 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. останале нерешени 21 предмет, приливот не е совладан за 1 предмети во однос на претходната година, со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност во работењето.

-- Во 2023 год. бил примени 1 повторно заведен предмет **оставини по приговор**, истиот не е решен, нема заостаток на предмети, и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: ИЗВРШУВАЊЕ

- Во 2023 год. вкупно биле примени 51 новопримени и 4 повторно заведени предмети од **приговори против неправилности во извршувањето (ППНИ),** биле решени 51 редовни и 5 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани 5,3 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2023 год. има 2 нерешени предмети, 1 помалку во однос на заостатокот на почетокот на годината, и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2023 год. вкупно биле примени 27 новопримени и повторно заведен предмет од **извршување по закон за семејството**, решени се 28 предмети, или просечно месечно се решавани по 2,7 предмети. Заостаток на крајот на годината е 1 предмет, со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2023 год. вкупно е примен 1 предмет од **издадени дозволи за извршни дејствија во станот на должникот**, и истиот е решен.

- Во 2023 год. има 2 новопримени предмеит **предлози против извршување,**1 предмет е решен,на крајот на 2023 год.има заостаток од 1 предмет.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: ЕВИДЕНЦИИ ВО СУДСКА УПРАВА

- Во 2023 год. вкупно биле примени 2 247 **предмети од судска управа**, решени се 2 249 предмети, нема нерешени предмети на крајот на 2022 год., со што и во оваа област судот покажал максимална

ажурност.

- Во 2023 год. вкупно биле примени 1 **строго доверливи предмет во судска управа** и истиот е решен.

- Во 2023 год. вкупно биле примени 4 предмети **од овластено следење на комуникации** и истите се решени.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ: ПРЕСТАВКИ И ПОПЛАКИ**

- Во 2023 год. вкупно биле примени 14 **предмети од слободен пристап до информации,** и истите се решени.

- Во 2023 год. вкупно биле примени 10 **предмети од евиденција на преставки и поплаки,** решени се 11 предмети, нема нерешени предмети, со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА, ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ВРАБОТУВАЊА

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Основен суд Кочани во овој суд се предвидени 88 работни места, од кои заклучно со 31.12.2023 година има вработено вкупно 36 судски службеници согласно Законот за судска служба, 4-ца се вработени по Законот за работни односи, и 8 судии, но во текот на годината еден судија е именуван за В.Д. претседател во Основен суд Берово, еден судија е избран за претседател на Основен суд Виница, а на еден судија му престана работниот однос поради заминување во пензија, односно во текот на првото шестомесечје судиската функција фактички ја извршуваа вкупно 6 судии, од кои 5 судии и Претедателот на судот, а во текот на второто шестомесечје судиската функција ја извршуваа вкупно 5 судии од кои 4 судии и Претседателот на судот.

Судиите имаат посетувано обуки организирани од Академијата за судии и јавни обвинители, така што ги имаат исполнето потребните часови на задолжителна обука која треба во текот на годината да се реализира преку Академијата за судии и јавни обвинители.

Во 2023 година беа одобрени и реализирани две нови вработувања на неопределено време.

Заради ограничувањата на бројот на барани нови вработувања во текот на 2023 година еден работник работеше со договор на определено време, кој му истече заклучно со 31.12.2023 год.

За 2024 година е поднесено барање за одобрување на 2 нови вработувања, еден судски службеник за работно место ,,стручен соработник“, и еден судски референт на работно место ,,дактилограф,,, барање за едно унапредување (еден виш судски соработници), и едно барања за вработување на определено работно време на место записничар.

Бидејќи и понатаму останува проблемот со недостаток на судии и судски соработници, сметаме за потребно во догледно време да се

обезбеди согласност за пополнување и на овие работни место, минимум двајца стручни соработници и минимум двајца судии.

Согласно одлуката на Судскиот Совет на Р.С.Македонија за Основен суд Кочани е предвидено да постапуваат и судиската функција да ја извршуваат 10 судии, меѓутоа со пензионирање на судии во претходните години, разрешување на еден судија по негово барање во текот на 2021 година и разрешување на еден судија поради исполнување на услови за старосна пензија во текот на 2023 година, во моментов фактички судиската функција во овој суд ја вршат само 5 судии, од кои еден е претседател на судот, и еден судија делегиран времено за една година од Основен Граѓански суд Скопје.

Со овој број на судии значително е отежнато изготвувањето на Годишниот распоред за работа на судиите, особено во формирањето на советите од тројца судии, па често се јавува потреба од иземања во кривичните предмети поради законски пречки оперделен судија да постапува во некој предмет, проблеми околу назначување на втор судија во судечки совет од 5 члена, а со тоа и честа потреба да се бара определување на друг суд да постапува по кривичен предмет, но и неопходноста судии кои се специјализирани да работат во граѓанска материја да земат во работа и прекршочни, а понекогаш и кривични предмети.

Поради тоа што во текот на 2023 год. во континуитет од двајца судии судиската функција ја вршеа во други судови, а еден судија замина во пензија, во Основен суд Кочани фактички оваа функција ја вршеа само 5 судии (од кои еден претседател на судот), судот не се успеа да го совлада приливот во некои области, а во некои области се зголеми и заостатокот.

## ПРОЦЕНКА НА БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ, СТРАНКИТЕ, ПРЕДМЕТИТЕ И ОПРЕМЕНОСТА НА СУДОТ

Општа проценка е дека во Основен суд Кочани безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опремата на судот е на високо ниво.

Обезбедувањето во судската зграда, вработените и странките, како и предметите и опремата, го вршат припадници на судска полиција, 7 (седум) полицајци, додека работното место на командирот на судска полиција му е во мирување, поради стапување на функција градоначалник, и со месечните распореди за работа кои ги донесува заменикот на командирот на судската полиција е обезбеден 24 часовен надзор на судската зграда и просторот околу истата.

- Во зградата има вградено алармни системи ДСЦ за кражба, аларм систем против пожар со автоматска дојава на пожар со сензорска детекција. Алармите се активни 24 часа а исклучувањето и вклучувањето е со внесување на шифри. На секој спрат во зградата има вградено по 2 противпожарни хидранти кои во текот на 2021 година беа сервисирани и старите ПП апарати заменети со нови.

- Тивок аларм во судници бр. 1 и 2 кој се вклучува со допир на копче а дисплејот од алармите е исталиран во пријавница кај судска полиција.

- Судската зграда надворешно е осветлена со 4 рефлектори, а дворната површина е заградена со бетонски зид и метална ограда во висина од околу 2 метра и има две капии со клизачи врати.

- Од вооружување и опрема има 6 пиштоли марка чз со различен калибар од застарени модели, 6 палици, 6 лисици, 6 опасачи, 1 панцир и 1 шлем.

- Метал детектор ПИНПОИНТ ПД 6500 И статичен 1број, Рачни метал детектори 4 броја,од кои 3 броја марка ГАРЕТТ СУПЕР ВАНД и 1 број марка СУПЕР ОМНИ

- Видео надзор со 8 камери поставени 6 внатрешни и 2 надворешни, видеорекордер марка HIKVISION DS-722xx верзија, серија1.2.2. Видеорекордерот и мониторот се исталирани во Пријавница кај судска полиција.

- 2 надворешни камери кои се наоѓаат на влезовите во судската зграда марка HIKVISION DS-2CE16COT-VFIR3F ОБЈЕКТИВ 2.8-12 мм. 720 пиксели.

- надворешното осветлување на судската зграда со 4 рефлектори.

## *3. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА*

Заради усогласување на судската пракса во 2023 година со одлука беше определено лице од редот на стручните соработници кое е задолжено да врши прибирање на специфични првостепени и второстепени одлуки кои ќе бидат собрани во еден зборник - судски практикум, кој ќе им биде достапен на сите судии.

Од редот на стручните соработници исто така беше определено и задолжено лице за следење на објавените одлуки на Европскиот суд за човковите права, кои одлуки се ставани на мрежата на судот и истите се направени достапни за сите судии.

Заради усогласување на судската пракса од страна на граѓанскиот и кривичниот оддел на Основен суд Кочани по потреба се одржуваат седници на оддели, како и седници на судии, во врска со поставување на правни прашања до Апелационен суд Штип, завземање ставови на начин на кој да се решаваат определи правни прашања во сродни предмети, кое нешто и придонесе во намалување на старите нерешени предмети.

Исто така, заради усогласување на судската пракса и за да се спречи укинување на предмети од исти причини кај различни судии поради повреда на материјалното и процесното право, по сите предмети по кои повисоките судови имаат донесено одлуки со кои се укинува или преиначува првостепената одлука на мрежата на судот овие одлуки беа скенирани и до нив имаа пристап сите судии, со што се овозможува да

имаат увид во истите и во иднина да не се прават повреди на материјалното и процесното право.

Усогласувањето на судската пракса во Основен суд Кочани се врши и на тој начин што секогаш кога ќе се примат предмети од Апелационен суд Штип кои било во постапка по жалба, како и предмети вратени од Врховен суд, сите судии заеднички ги разгледуваат вратените предмети од по жалба, и донесуваат заклучок како во иднина да се постапува во такви и слични предмети, согласно укажувањата на повисоките судови, и овие укажувања се применуваат не само во укинатите предмети туку и во сите исти или слични предмети по кои во иднина се постапува.

Заради воедначување на судската пракса се користи и инструментот на консултации со Апелационен суд Штип, заради добивање на сознаниеја дали и каков став повисокиот суд има завземано по определени правни прашања, и таквите ставови и пракса на овој суд се применуваат во постапките пред Основен суд Кочани, а од страна на овој суд се поднесени и две иницијативи до Врховен суд, заради добивање на воедначен став на овој суд по определени прашања.

За таа цел сите судии редовно ги следат и објавените судки одлуки на веб страната на Апелационен суд Штип, како и објавените одлуки на веб страните на останатите основни судови.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

1.Службено лице задолжено за посредување на информации кај имателот на информации-Основен суд Кочани е Катерина Фудулски, Виш судски соработник во Основен суд Кочани.

2.Број на примени барања - 14 :

1.Барател: Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ , Скопје – податок: 1.Список со број на активни предмети распределени кај секој судија поединечно.

2.Барател: Здружение на граѓани „Центар за управување со промени“, Скопје – податок: 1. Во периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2022 година број на судски постапки како отпочнати така и завршени по основ дискриминација.

3.Барател: Физичко лице – податок:- Колку правосилни пресуди за сите кривични дела против половата слобода и половиот морал, односно: Силување - Член 186, Обљуба врз немоќно лице - Член 187, Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години - Член 188, Обљуба со злоупотреба на положбата - Член 189, Задоволување на полови страсти пред друг - Член 190, Посредување во вршење проституција - Член 191, Подведување и овозможување полови дејствија - Член 192, Прикажување на порнографски материјал на малолетник - Член 193, Производство и дистрибуција на детска порнографија - Член 193 – а,

Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години - Член 193 –б и Родосквернавење - Член 194 има во Основен суд Кочани во изминатите десет години(2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021, 2022), согласно месец март 2023 година, поединечно по години и вид на пресуди.

4.Барател: Хелсиншки Комитет за човекови права -Скопје – податок: Колку пресуди за општокорисна работа се изречени? Со податоци за период 2021 и 2022 година.Колку пресуди за условна осуда се изречени? Со податоци за период 2021 и 2022 година.Колку пресуди за условна осуда со заштитен надзор се изречени? Со податоци за период 2021 и 2022 година.Колку пресуди за судска опомена се изречени? Со податоци за период 2021 и 2022 година. Колку пресуди за куќен затвор се изречени? Со податоци за период 2021 и 2022 година.Колку пресуди со изречени алтернативни мерки се обжалени? Со податоци за период 2021 и 2022 година.

5.Барател: Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, Скопје - податок: За буџетска ставка 480 – Купување на опрема и машини износи по аналитички конта за синтетичката ставка 480 за Почетниот Буџет, ребалансот на Буџетот и Завршната сметка (извршувањето) на Буџетот за 2022 година за вашата институција,Објаснување на причините за намалувањето и нереализацијата на средствата од буџетската ставка 480 – Купување на опрема и машини за 2022 година, во однос на Почетниот буџет, ребалансот на Буџетот и Завршната сметка (извршувањето) на Буџетот за 2022 година, Список на планирани (без оглед дали со првичниот буџет или со ребалансот), а нереализирани купувања, набавки и плаќања од буџетската ставка 480 – Купување на опрема и машини од Буџетот на вашата институција за 2022 година, со нивната поединечна вредност како и За буџетската ставка 481 – Градежни објекти, список на планирани (без оглед дали со првичниот буџет или со ребалансот), а нереализирани објекти/проекти од буџетската ставка 481 – Градежни објекти од Буџетот на вашата институција за 2022 година, со наведување на локација на тие објекти/проекти и нивната поединечна вредност.

6.Барател: Хелсиншки Комитет за човекови права -Скопје податок: Колку пресуди за општокорисна работа се изречени за период 2021 и 2022 година.Колку пресуди за условна осуда се изречени за период 2021 и 2022 година. Колку пресуди за условна осуда со заштитен надзор се изречени за период 2021 и 2022 година. Колку пресуди за судска опомена се изречени за период 2021 и 2022 година. Колку пресуди за куќен затвор се изречени за период 2021 и 2022 година и колку пресуди со изречени алтернативни мерки се обажалени за период 2021 и 2022 година.

7.Барател: Физичко лице - податок: -. број на поднесени предлози за отповикување на алтернативната мерка условна осуда кои Основното јавно обвинителство Кочани ги има поднесено до Основен суд Кочани, согласно КЗ како и за бројот на прифатените предлози за отповикување на алтернативната мерка условна осуда од страна на Основен суд Кочани за период од 2018 година до 2022 година.

8.Барател: Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ –Скопје - податок: изречени мерки забрана за напуштање на живеалиштето, односно престојувалиштето; обврска на обвинетиот да се

јавува повремено на определено службено лице или кај надлежен државен орган;привремено одземање на патна или друга исправа за преминување на државната граница, односно забрана за нејзино издавање; привремено одземање на возачка дозвола, односно забрана за нејзино издавање; забрана за посетување на определено место или подрачје; забрана за приближување или воспоставување, односно одржување контакти или врски со определени лица и забрана за преземање на определени работни активности кои се поврзани со кривичното дело, притвори и куќен притвор од страна на Основен суд Кочани за период од 2018 година до 2022 година.

9.Барател: Адвокатска комора на Република Северна Македонија - податок: кои адвокати се ангажирани како бранители во кривични постапки(адвокати по службена должност) во Основен суд Кочани за период од 2022 година заклучно до 30.09.2023 година, со наведување на бројот на предметот по кој постапувале.

10.Барател: Стопанска Комора на Северо-Западна Македонија Скопје - податок:- Список на институции на подрачјето на Основен суд Кочани на претседателот на судот има определено лимит за извршување за наплата на парични побарувања и висината на тој лимит, за секоја институција посебно.

11.Барател: Националната мрежа против насилството врз жените и смејното насилство-Глас против насилство-Скопје - податок: - по добиено известување од Јавно обвинителство на РСМ за кривично правниот настан: https://jorm.gov.mk/istraga-za-ubistvo-na-svirep-nachin-vo-kochani/ и заведен под КО.бр.414/23 во ОЈО Кочани, дали е поведена судска постапка и ако ДА кој е бројот на предмет заведен во судот, кој судија постапува по истиот и во која фаза е моментално постапката согласно ЗКП?.

12. Барател: ТРД Алфа ТВ Дооел-Скопје - податок: Колку вкупно има изречени пресуди за „Напад врз службено лице при вршење работи од безбедноста“ и „Спречување службено лице во вршење службено дејствие“ од 01.01.2017 година до 31.10.2013 година?

13. Барател: Физичко лице - податок: Колку правосилни пресуди се донесени во Основен суд Кочани за кривично дело „Убивање и мачење животни“ по чл.233 од КЗ, во период од 01.01.2019 година до 01.12.2023 година? Во колку од наведените пресуди бил осуден сторителот, односно сторителите, а во колку била донесена ослободителна пресуда? Колку постапки се во тек односно се водат во моментот по чл.233 од КЗ?

14. Барател: Националната мрежа против насилството врз жените и смејното насилство-Глас против насилство-Скопје - податок: по добиено известување од Јавно обвинителство на РСМ за кривично правниот настан: https://jorm.gov.mk/istraga-za-ubistvo-na-svirep-nachin-vo-kochani/ и заведен под КО.бр.414/23 во ОЈО Кочани, дали е поведена судска постапка и ако ДА кој е бројот на предмет заведен во судот, кој судија постапува по истиот и во која фаза е моментално постапката согласно ЗКП?.

3.Број на позитивно одговорени барања - 14;

4.Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбино или отфрлено барање - нема;

5. Број на неодговорени барања-нема,

6.Број на вложени жалби против првостепени одлуки(решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација) - нема;

7.Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата - нема;

8.Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата - нема;

9.Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање -нема;

10.Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање - нема;

## 5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Во Основен суд Кочани се води исклучиво електронска евиденција на судски предмети и се спроведуваат сите постапки предвидени со Законот за управување со движење на предметите во судовите.

Се врши електронска достава на судски акти преку Систем за електронска достава на судски документи до сите правни и физички лица кои се корисници на Систем за електронска достава.

Обезбеден е интернет пристап за корисниците заради електронска комуникација со институции

Тековно и ажурно се врши објава на правосилни судски одлуки на web страната на судот.

Се врши одржување на постојните хардверски и софтверски системи.

Се вршат интервенции во случај на настанати проблеми во врска со хардверски или софтверски компоненти

Извршена е целосна инсталација, имплементација и миграција на нова хардверска и софтверска платформа

Се врши скенирање на поднесоци преку Модулот за скенирање и

електронски прием на скенирани поднесоци во АКМИС.

ИКТ опремата во Основен суд Кочани ги задоволува тековните потреби.

Основен суд Кочани во 2023 година има во употреба две софтверски апликации и тоа: Автоматизиран компјутерски систем за движење на судски предмети – АКМИС, Автоматизиран буџетски менаџмент систем – АБМС

**ВООЧЕНИ ПРОБЛЕМИ**

Неопходно е да се изврши набавка на целосно нова опрема за аудио снимање во судници која би ги опфатила потребните хардверски и софтверски компоненти (SRS Femida 4A 4ADigital Court recording software, 4 channels audio recording).

## 6. *ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ*

Во Основниот суд Кочани има три судници од кои во едната се одржува расправа по граѓански предмети а другите две се користат за одржување на расправи од кривичната област. Поради немањето на доволен број на судници најголем дел од судењата по граѓанските предмети се одржуваат во канцелариите на судиите.

Значително олеснување претставува функционирањето на шалтерскиот систем, меѓутоа сеуште просторните услови во судот не задоволуваат, нема посебна просторија дактило биро за записничарите, нема посебна просторија за адвокати.

Во овој дел понатаму останува проблемот што во истата зграда е сместено и Основното јавно обвинителство и Државното Правобранителство кои заземаат влијателен дел од просториите.

Во 2022 год беше склучен договор со Државното правобранителство за нивно процентуално учество во режиските трошоци, по кој договор се врши фактурирање и плаќање од нивна страна на процентуален дел од комуналните трошоци, меѓутоа и покрај настојувањето на претседателот на судот се уште не е склучен ваков договор со Основното јавно обвинителство Кочани.

За вршење на работа во судот има обезбедено информатичка опрема компјутери, печатари и истите се користат оптимално. Во најголем дел просториите се климатизирани.

Во текот на 2023 година беа превземани повеќе активности во насока на подобрување на опременоста и функционалноста на судот па така беше извршена адаптација на дел од подрумските простории за архивска граѓа, беше организирана акција за лачање на предмети кои подолг период не беа излачени, со што се започна со расчистување на

подрумските простории, делумно се заменија осветлувачките уреди во внатрешните простории на судската зграда со поекономични светилки, беше извршено хемиско чистење на ходниците и скалишниот простор, беше извршено и тапацирање на дел од оштетениот инвентар, столици и фотељи, бидејќи не беа одобрени финансиски средства за нивна замена со нови, а во канцелариите беше извршено поставување на ламинат, поради оштетеност на подовите.

## ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

- Заради подобрување на состојбата со опременост и одржување на зградата на судот нужно потребно е да се изврши набавка на и столици за трите судници поради оштетување и дотраеност на истите, обелување на зидовите и префарбување на вратите од внатрешните простории заради оштетување и потемнување на истите.

- Поради старост потребна е замена на кровната конструкција на зграда како и замена на водоводната и канализационата мрежа.

## *7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ИЗВРШЕНИ И ПЛАНИРАНИ*

Во текот на 2023 година согласно донесениот Годишен план за јавни набавки на Основен суд Кочани за период 2023 година, планираните набавки се спроведени преку ЕСЈН системот, почитувајќи ги вредносните прагови и постапки во Законот за јавни набавки.

Спроведени се следниве јавни набавки преку ЕСЈН :

-Оглас број 09854/2023 -набавка од мала вредност
Предмет на набавката: набавка на канцелариски материјали и печатени обрасци.
За Дел 1- Набавка на печатени обрасци е избрана понудата на понудувачот Друштво за производство, трговија и услуги РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, со понудена цена 79.845,00 денари без ДДВ од 18%.

За Дел 2 –Канцелариски материјали обрасци е избрана понудата на понудувачот Друштво за производство, трговија и услуги РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, со понудена цена 48.123,00 денари без ДДВ од 18%.

Вкупната вредност на набавката за Дел 1, Дел 2 од предметот на јавна набавка изнесува 127.968,00 денари без вклучен ДДВ од 18% во износ 23.034,00 денари или вкупно 151.002,00 денари со вклучен ДДВ.

-Оглас број 09860/2023 –набавка од мала вредност
Предмет на набавката: набавка на потрошен репроматеријал за

принтери, фотокопир и телефакс

Избрани понудувачи:

За Дел 1- Набавка на тонери за фотокопир марка SHARP: Друштво за производство, трговија и услуги БИРОТЕХНИКА-МА ДООЕЛ Скопје, со последна понудена цена од 11.500,00 денари без ДДВ од 18%.

За Дел 2 –Набавка на тонери за принтери марка HP: Друштво за производство, трговија и услуги БИРОТЕХНИКА-МА ДООЕЛ Скопје, со последна понудена цена од 90.900,00 денари без ДДВ од 18%.

За Дел 3 –Набавка на тонери за принтери марка Xerox: Друштво за производство, трговија и услуги ЕКОС ДООЕЛ извоз увоз Тетово, со последна понудена цена од 10.470,00 денари без ДДВ од 18%.

Оглас број 06855/23 -набавка од мала вредност

Предмет на набавката: набавка и поставување на ламинат за потребите на Основен суд Кочани.

Избран понудувач: економски оператор Друштво за трговија, производство и услуги ДЕНИ-ПРОМ ДООЕЛ увоз извоз с.Зубово, Ново Село.

Вредност на договорот: вредноста на набавката за сите артикли од понудата изнесува 183.360,00 денари без вклучен ДДВ од 18%.Вкупната вредност на ДДВ од 18% изнесува 33.004,00 денари.Вкупната вредност на договорот со вклучен ДДВ од 18% изнесува 216.364,00 денари.

Оглас број 06546/2023 -набавка од мала вредност

Предмет на набавката: набавка на работи-реновирање на архивска просторија за потребите на Основен суд Кочани.

Избран понудувач: економски оператор Трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво за производство, трговија и услуги КОНСТРУКТОР КОМ ДООЕЛ- Кочани.

Вредност на договорот: вкупната вредност на договорот изнесува 483.050,00 денари без ДДВ од 18%, ДДВ од 18% од 86.949,00 денари или вкупната вредност со изнесува 569.999,00 денари со вклучен ДДВ од 18%.

Оглас број 10080/2023 -набавка од мала вредност

Предмет на набавката: набавка на УПС уреди за непрекинато напојување со електрична енергија и мрежна опрема.

Избран понудувач: До Друштво за услуги, промет и производство на телекомуникациски уреди НИКОМ ПАУЕР ДООЕЛ- СКОПЈЕ.

Вредност на договорот:вредноста без ДДВ од 18% изнесува 67.857,00 денари, а со пресметан ДДВ од 18 % изнесува 12.214,00 денари.

Вкупната вредност на договорот со пресметан ДДВ од 18 % изнесува 80.071,00 денари.

-Оглас број бр.08135/2023 - поедноставна отворена постапка

Предмет на набавката: набавка на активна електрична енергија за потребите на Основен суд Кочани

Избран понудувач: економски оператор Друштво за производство,

трговија и услуги ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз извоз ДООЕЛ Скопје.
Вредност на договорот: 2.000.000,00 денари без вклучен ДДВ.

-Оглас број 14304/2023 -поедноставна отворена постапка
Предмет на набавката: набавка на екстра лесно масло за горење за грејна сезона 2023/24 на Основен суд Кочани
Избран понудувач: ДАДИ ОИЛ ДООЕЛ с.Јакимово,Виница.
Вредност на договорот: 900.000,00 денари без вклучен ДДВ, или 1.062.000,00 денари со вклучен ДДВ од 18%.

Покрај овие спроведени јавни набавки од Основен суд Кочани, судот бил дел и од групни јавни набавки и тоа:

- Групна јавна набавка на хартија за печатење и фотокопирање спроведена преку Апелационен суд Штип согласно чл.62 од ЗЈН врз основа на Одлука за спроведување на групни јавни набавки бр.02-194/16 од 13.02.2023 година, изменета со Одлука бр.02-411/12 од 27.03.2023 година година.Избран понудувач: Друштво за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ-МК Доо Скопје.
Вредност на набавката 79.958,18 денари со вклучен ДДВ.

- Групна јавна набавка на фиксна телефонија спроведена преку Судски совет согласно чл.62 од ЗЈН врз основа на Одлука за спроведување на групни јавни набавки .
Избран понудувач: Друштво за комуникациски услуги „А1 Македонија" ДООЕЛ-Скопје.
Проценета вредност на набавката 50.976,00 денари со вклучен ДДВ.

- Групна јавна набавка на интернет услуги спроведена преку Судски совет согласно чл.62 од од ЗЈН врз основа на Одлука за спроведување на групни јавни набавки.
Избран понудувач:Друштво за телекомуникациски услуги„Телесмарт Телеком" ДОО Скопје.
Проценета вредност на набавката 266.516,54 денари со вклучен ДДВ 18%.

**ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ, на ден 23.01.2023 год.**

Претседател на судот,
м-р Сузана Милевска